Australian Government

# Промовирање на праведност за секого во мултикултурна Австралија

## Резиме на извештајот

Ревизија на мултикултурната рамка е дневен ред за генерациска реформа за која е потребен сеопфатен приод од владата и од заедницата, што ќе ја постави Австралија во позиција да го реализира својот севкупен потенцијал како нација создадена од многу култури, вери и различни животни искуства.

При поднесувањето на овој извештај на Австралиската влада, ревизијата беше заснована врз информациите добиени низ 216 јавни консултации ширум Австралија. Комисијата исто така разгледа 796 јавни поднесоци (15% на неанглиски јазици) и спроведе уметнички натпревар на деца и млади луѓе, обезбедувајќи вклученост на сите генерации.

Заедниците зборуваа со силен и единствен глас кога ја пренесуваа на комисијата нивната желба да бидат дел од процесите на одлучување, заеднички да планираат и да создаваат со релевантните нивоа на владата, и да ја споделуваат одговорноста и отчетноста.

Овие прашања не можат сами да ги решат заедниците, секторите, институциите и организациите, ниту само една старосна група. Секој во Австралија е одговорен за едно инклузивно општество; на нашите работни места, при социјални интеракции, онлајн или лично, секој треба да заземе приод на човечки права кон инклузивноста, праведноста, почитувањето и еднаквоста.

За да се обезбеди споделено сопственишто и посветеност ширум владата, во извештајот се бара од Австралиската влада да даде приоритет на примената на 29 препораки.

Врз основа на овие препораки, предлагаме стратегија за мултикултурна рамка. Оваа стратегија, поставена врз правилни институционални основи, има за цел да обезбеди континуитет кој е потребен за да се одржи успешна и праведна мултикултурна Австралија за сите. Поткрепена со соодветни податоци, истражување и известување, стратегијата го потцртува следното:

### Поставување темели преку врски

- Двопартиска национална посветеност на мултикултурализмот врз основа на општествена кохезија, културен идентитет и еднакви можности
- Силно раководство и отчетност, со препорака една мултикултурна австралиска комисија да ја води примената на рамката

- Стратегиско планирање и координација преку посветено Министерство за мултикултурни работи, доселување и државјанство
- Соработка ширум земјата и заедницата, мултикултурен министерски форум и советодавен одбор на мултикултурната заедница

## Негување на гостољубива Австралија преку идентитет и припаѓање

- Национален план за славење на мултикултурализмот, вклучително Недела на хармонијата, и формално одбележување на Меѓународниот ден за елиминација на расната дискриминација на Обединетите нации
- Примена на одржлива национална политика за јазикот заради општествено-економски резултати
- Зајакнат процес за државјанство што отсликува модерна мултикултурна нација
- Независен и разновиден медиумски сектор
- Инвестирање во организации на заедницата и културни програми заради спроведување на општествени промени преку уметност и спорт
- Развивање на иницијативи за продлабочување на разбирањето на историјата на Првите нации ширум Австралија, како што е историјата претставена преку процесот на државјанство, граѓанско учество, патишта кон постојано жителство, како и преку образование

## Подобрување на услугите преку колаборативна инклузија

- Воспоставување на културно одговорни услуги, вклучително за здравство, попреченост, образование, нега на стари лица и домување
- Зголемување на културната способност ширум австралискиот јавен сектор, предводено од APSC преку отчетно раководење
- Модернизирани програми на мултикултурни дотации насочени кон одржливост и сигурност
- Подготвување и примена на стратегија за премостување на културната и дигиталната поделба
- Фокусирање на специфичните потреби на младите луѓе и на регионалните заедници
- Примена на меѓусекторски и родово еднакви погледи на мултикултурната политика и услугите.